МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 09-3414/6
29-08-2016 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр. 05/02), член 16 став 1, точка 2 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен Гласник на Општина Аеродром бр. 20/2012, 21/2014, 23/2014), а во врска со член 60 од Законот за животна средина (“Службен Весник на РМ” бр. 53/05, 79/06, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 12915, 192/15 и 39/16) Советот на Општина Аеродром на седницата одржана на ден 26.08.2016 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Аеродром

**Член 1**

Се усвојува Иницијативата за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Аеродром.

**Член2**

Општина Аеродром отпочнува постапка за изработка на Локален еколошки акционен план за заштита и унапредување на животната средина на општината (ЛЕАП).

**Член 3**

Локалниот акционен план за животна средина ќе содржи среднорочни и долгорочни активности и мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето од интерес и во надлежност на општината, а ќе биде изработен во согласност со Националниот акционен план за животна средина и Методологијата за изработка на локалните акциони планови за животна средина.

**Член 4**

По изработувањето на Локалниот еколошки акционен план истиот ќе се достави до Советот на Општина Аеродром за донесување.

**Член5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Аеродром”.

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски